**793.**

Врз основа на член 44 од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15, 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.18/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 февруари 2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**

1. Во Решението за именување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 29/20, 73/21 и 128/22), во точка 1, во потточката а. алинејата 3 се менува и гласи:

„- Борка Петровска од Организација на работодавачи на Македонија,".

Во потточка д. алинејата 1 се менува и гласи:

„- проф. д-р Јордан Минов од Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј".

Во потточка ѓ. алинејата 1 се менува и гласи:

„- Благоја Богоевски, Здружение за безбедност при работа „28 Април"-Скопје".

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-740/6
15 февруари 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**794.**

Врз основа на член 183 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/2019, 146/2019, 275/2019, 302/2020, 311/2020, 163/2021, 294/2021, 99/2022 и 236/2022) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 февруари 2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА СТРУМИЦА**

1. Од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица, стручен работник од центарот за социјална работа се разрешува Калиопи Влахова, поради заминување во пензија.

2. За член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица, стручен работник од центарот за социјална работа, се именува Ружица Насковска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 15-1263/2
21 февруари 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**795.**

Врз основа на член 100 и 102 став 2 точка 1 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016, 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019, 153/2019, 180/2019, 275/2019, 77/2021, 122/2021, 178/2021, 150/2022 и 236/2022) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 февруари 2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ – СТРУМИЦА**

1. Од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Струмица, се разрешува Мирјана Панчурова, на нејзино барање.

2. За член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Струмица, се именува Владимир Михајловиќ.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 15-1266/2
21 февруари 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**796.**

Врз основа на член 9 од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 148/2014, 145/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/2021) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 февруари 2023 година, донесе